РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 01-1391/6
20.10 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА

МАПАС
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

## Содржина

I. Вовед ..... 3

II. ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА ..... 5

**1. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ..... 5**

1.1 Надомест од придонеси од пензиски друштва ..... 5

1.2 Административни ..... 5

1.3 Приходи од камати ..... 5

**2. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ..... 6**

2.1 Потрошени материјали ..... 6

2.2 Потрошена енергија и комунални услуги ..... 6

2.3 Инвестиционо одржување на средствата ..... 6

2.4 Други услуги ..... 7

2.5 Превозни – транспортни услуги ..... 8

2.6 Издатоци за реклама и репрезентација ..... 9

2.7 Наемнини (закупнини) ..... 9

2.8 Други материјални услуги ..... 10

2.9 Провизија за платен промет ..... 10

2.10 Премии за осигурување ..... 10

2.11 Патни и дневни расходи ..... 10

2.12 Членарини ..... 11

2.13 Интелектуални и други услуги ..... 11

2.14 Останати други расходи ..... 12

2.15 Средства за градежни објекти ..... 12

2.16 Средства за опрема ..... 13

2.17 Други капитални средства ..... 13

2.18 Вкалкулирани плати и надоместоци ..... 14

2.19 Даноци и придонеси кои не зависат од резултат ..... 14

**Прилог 1. Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – Аналитички преглед на приходи и расходи ..... 16**

**Прилог 2. Расходи кои се покрија од резервен фонд во 2024 година ..... 20**

**Прилог 3. Планиран финансиски резултат за 2024 година ..... 20**

**Финансиски план за 2024 година**
**на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)**

# I. Вовед

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) е самостојно и независно регулаторно тело формирано врз основа на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018, 180/2019 и 103/2021) (во натамошниот текст: Законот).

Согласно член 46 од Законот, Агенцијата има својство на правно лице со јавни овластувања утврдени со овој закон и со статут. Орган на управување и надзор на Агенцијата е Советот на експерти, а за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија. Целта на нејзиното основање е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови и поттикнување на развојот на капитално финансираното пензиско осигурување. Агенцијата е основана заради вршење супервизија на работењето на друштвата за управување со задолжителни пензиски фондови, друштвата за управување со доброволни пензиски фондови и друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиските друштва) и супервизија на задолжителните и доброволните пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиските фондови).

Согласно член 47 од Законот, Агенцијата е надлежна да:

- издава, повлекува и одзема дозволи за основање пензиски друштва и одобренија за управување со задолжителни и/или доброволни пензиски фондови;
- врши супервизија на работењето на пензиските друштва и пензиските фондови со кои тие управуваат, како и на чуварите на средствата на пензиските фондови и на странските менаџери на средства;
- промовира, организира и го поттикнува развојот на капитално финансираното пензиско осигурување во Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и да ја развива свеста на јавноста за целите и принципите на пензиските друштва и на пензиски фондови;

- донесува акти согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци во капитално финансираното пензиско осигурување, како и стручни упатства, прирачници и слично, во врска со капитално финансираното пензиско осигурување и да иницира донесување на прописи и други акти во врска со пензиските друштва и пензиските фондови со кои тие управуваат.

Работењето на Агенцијата согласно член 56 став (3) од Законот се финансира од надоместоците кои Агенцијата ги наплатува од пензиските друштва (месечен надоместок од секое пензиско друштво и административни надоместоци). Согласност за висината на надоместоците дава Собранието на Република Северна Македонија врз основа на предлог утврден од страна на Советот на експерти на Агенцијата.

Износот на месечниот надоместок што го наплаќа Агенцијата, од пензиските друштва, се определува врз основа на анализа на потребите на Агенцијата за оптимално извршување на пропишаните надлежности и со почитување на принципот на минимизирање на расходите. Во таа насока, забележан е тренд на намалување на висината на надоместокот од 1,5% во 2006 и 2007 година на 1% во 2008 и 2009 година потоа 0,8% од 2010 година до 2022 година и 0,7% од 2023 година. Висина на месечниот надоместок од 0,7% од вкупните придонеси, уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво, се планира за 2024 година.

***Предлог финансискиот план на Агенцијата за 2024 година е утврден врз основа на:***

- Реализација на Финансискиот план за 2023 година;
- Очекувани надоместоци и други приходи во 2024 година;
- Реализирање на започнати активности и нови активности според годишната програма за работата на Агенцијата за 2024 година и
- Планирани расходи за 2024 година.

# II. ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА

Врз основа на претходно наведените претпоставки, за 2024 година се планираат следните приходи и расходи на Агенцијата.

## *1. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ*

Во текот на 2024 година се планира Агенцијата да оствари вкупно приходи во износ од **98.000.000 денари**, нивната структура според изворите на средства е следна:

| | |
|---|---|
| **1.1 Надомест од придонеси од пензиски друштва** | **89.000.000 денари** |
| **1.2 Административни надоместоци** | **4.500.000 денари** |
| **1.3 Приходи од камати** | **4.500.000 денари** |
| ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ | 98.000.000 денари |

Планираниот износ на приходи од придонеси од пензиски друштва од **89.000.000 денари** се очекува да се реализира со наплата на месечен надомест од пензиските друштва од 0,7% од вкупните придонеси, уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво. При планирање на приходите од месечен надомест од придонеси, Агенцијата првично ги имаше во предвид актуарските проекции од Фондот на ПИОСМ за 2024 година добиени во 2015 година и со оглед дека во 2023 година сме известени дека Фондот на ПИОСМ нема ажурирање на проекциите, Агенцијата направи проценки врз минати податоци и врз основа на информација за буџетските проекции во класата транзициони трошоци од Фондот на ПИОСМ.

Износот од **4.500.000 денари** претставува приходи врз основа на административни надоместоци. Во пензискиот систем имаме четири пензиски друштва од кои три управуваат со по еден задолжителен и еден доброволен пензиски фонд и едно друштво управува со еден доброволен пензиски фонд.

Износот од **4.500.000 денари** се планирани приходи од камати кои Агенцијата очекува да ги наплати од орочените депозити од резервниот фонд во одделни банки, согласно очекуваниот раст на каматите и Одлуката за распределба и вложување на вишокот на приходи на Агенцијата.

## *2. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ*

При планирањето на трошоците за работењето на Агенцијата за 2024 година, се имаше во предвид рационалното трошење на потребните средства за квалитетно, ефикасно и континуирано извршување на задачите, обврските и надлежностите на Агенцијата кои произлегуваат од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Вкупните расходи за 2024 година се планира да изнесуваат **97.477.000** денари и се планира да бидат искористени за следните потреби:

### 2.1 Потрошени материјали

За набавка на материјали кои се потребни за секојдневно непречено функционирање на Агенцијата, во 2024 година се планира да се потрошат **810.000 денари** и тоа за набавка на:

- Гориво;
- Канцелариски материјали и
- Ситен инвентар

Планираните расходи за Потрошени материјали во 2024 година се на исто ниво во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година.

### 2.2 Потрошена енергија и комунални услуги

За трошоците на **електрична енергија и плаќање на комунални услуги во** 2024 година се планирани расходи во износ од **2.400.000 денари** и тоа за:

- Електрична енергија и
- Вода, други комунални трошоци и парно греење

Планираните расходи за електрична енергија изнесуваат 1.500.000 денари.

Планираните расходи за Вода, други комунални трошоци и парно греење изнесуваат 900.000 денари .

Планираните расходи за Потрошена енергија и комунални услуги во 2024 година се на исто ниво во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година. согласно проценката и потребата на Агенцијата за стабилна и континуирана поврзаност на информатичките системи на Агенцијата со Фондот на ПИОСМ, Пензиските друштва и Банките-Чувари на имот.

### 2.3 Инвестиционо одржување на средствата

Планираните расходи за Инвестиционо одржување на средствата изнесува **30.000 денари** и тоа за:

-Инсталација и одржување на системот за пожар

Планираните расходи за **Инвестиционо одржување на средствата** во 2024 година се на исто ниво во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година поради потребата од редовна проверка на системот за заштита од пожар на човечките и материјални ресурси на Агенцијата од страна на лиценциран и стручен надзор.

## 2.4 Други услуги

Проценетите средства за категоријата Други услуги на расходи во вкупен износ од **15.372.000 денари** се планира да се наменат за:

- Одржување на софтвер за втор и трет столб на пензискиот систем;
- Одржување на ИБМ хардверска опрема;
- Одржување на софтвер за архива;
- Одржување на софтвер за сметководство;
- Услуги за секундарна локација;
- Поштенски пратки;
- Телефонски комуникациски услуги;
- Услуги за печатење, копирање и ковертирање на писма;
- Надомест за паркинг простор;
- Одржување и сервисирање на возила;
- Одржување на техничка опрема;
- Поправки на деловен објект;
- Информативни активности за развојот на капитално финансираното пензиско осигурување;
- Информативно-финансиски сервис и
- Одржување на веб страна.

Планираните трошоци за Други услуги ги содржат расходите заради остварување на дејноста како што се за одржување на софтвер за втор и трет столб на пензискиот систем, одржување на ИБМ хардверска опрема, одржување на софтвер за архива, за сметководство и за информативно-финансиски сервис и работни часови за одржување на тие софтвери од страна на надворешни фирми за информациска технологија. Секундарната локација е потребна заради заштита на податоците и апликациите, како и заштита од нефункционирањето на опремата или недостапност на примарната локација на информациските поставки. Притоа, се закупува комплетно решение од надворешен субјект на минимална оддалеченост од 100 км патно и 80 км воздушна оддалеченост од примарната локација. Одржувањето на секундарна локација и опрема за информациски

поставки е важна алка од системот за управување со безбедност на информации за авторизација и неотповикливост.

Планираните расходи за одржување на софтвер за втор и трет столб изнесува 4.300.000 денари поради потребата од континуирана работа и ажурирање на апликации поврзани со субјектите на пензискиот систем од Фондот на ПИОСМ, Пензиските друштва и Банките-Чувари на имот, потоа поради недостаток на ИТ кадар за одржување и поради промената на цената во нагорна насока на ИТ услугата.

Планираните расходи за Одржување на ИБМ хардверска опрема, софтвер за архива, софтвер за сметководство и услугата за секундарна локација се на исто ниво во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година, додека за одржување на информативно-финансискиот сервис имавме најава за зголемување на расходите.. Расходите се планирани за нивно редовно одржување, сервис, евентуална замена на нефункционална опрема како и за редовно ажурирање на постојните софтвери во понови напредни верзии

Планираните расходи за Информативни активности ги опфаќаат расходите за услуги за промовирање, организирање и поттикнување на развојот на капитално финансирано пензиско осигурување кои изнесува 5.000.000 денари. Законската обврска на Агенцијата е да определува средства кои се однесуваат на информативни активности за членовите на пензиските фондови со цел да се зајакне свесноста на членовите и јавноста за целите и принципите на пензиските друштва и на задолжителните и доброволните пензиски фондови, за придобивките од членување во задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, вклучувајќи ги и целите, принципите и придобивките од учеството во професионална пензиска шема, за правата на членовите на задолжителните и доброволните пензиски фондови и за други прашања во врска со капитално финансираното пензиско осигурување. Дел од трошоците на Агенцијата во 2024 година се планира за активности за организирање на настанот "15 Септември - Ден на пензиска свесност" кој се одржува секоја година во периодот околу 15 септември со цел подигање на свесноста на јавноста за капитално финансирано пензиско осигурување.

Планираните расходи за **Други услуги** во 2024 година се помали за околу 1% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година.

## 2.5 Превозни – транспортни услуги

За набавка на Превозни-транспортни услуги за потребите на Агенцијата во 2024 година се планирани **100.000 денари.**

Планираните расходи за **Превозни – транспортни услуги** во 2024 година се повисоки за околу 66% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година.

## 2.6 Издатоци за реклама и репрезентација

За реклама и репрезентација во 2024 година се планирани расходи во износ од **1.200.000 денари** наменети за :

- Репрезентација и
- Услуги за печатење на рекламен материјал

Услуги за печатење на рекламен материјал се наменети за настани кои Агенцијата ги спроведува со другите финансиски регулатори во државата со цел подигање на свесноста за финансиска едукација и финансиска инклузија на јавноста. Преку Координациското тело на финансиски регулатори се спроведуваат настаните „Ден за финансиска свесност“ и „Глобална недела на парите“.

Планираните расходи за Репрезентација се однесуваат за организирање на службени настани и набавки за потребите на човечките ресурси на Агенцијата.

Планираните расходи за **Издатоци за реклама и репрезентација** во 2024 година се повисоки за околу 50% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година поради дополнителни трошоци кои произлегуваат од меѓународни соработки со странски инситуции.

## 2.7 Наемнини (закупнини)

За 2024 година се планирани расходи во износ од **1.360.000 денари** за:

- Изнајмување на сали и амфитеатри;
- Закуп на интернет линија;
- Изнајмување на друга опрема и
- Наем (лизинг) на возила.

Планираните средства за **Наемнини (закупнини)** се за изнајмување на сали и амфитеатри поради потребата на Агенцијата за спроведување на обуки, закуп на интернет линија и за изнајмување на друга опрема односно изнајмување на принтери и скенери за потребата на Агенцијата и наем (лизинг) на возила.

Планираните расходи за наем (лизинг) на возила изнесува 1.100.000 денари. Агенцијата во континуитет преку оперативен лизинг на три години обезбедува две службени возила. Возилата се во класа на автомобили со средна големина и средно ниво на опременост, кои се користат за службените потреби на Агенцијата од аспект на супервизија и регулатива.

Планираните расходи за **Наемнини** за 2024 година се на исто ниво во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година.

## 2.8 Други материјални услуги

На ставката Други материјални услуги се планирани расходи во износ од **735.000 денари** за:

- Набавки на списанија, стручна литература, весници и слично;
- Плаќање надоместок за размена на берзански податоци и благајна – материјални трошоци;
- Трошоци за набавка на средства за хигиена;
- Техничко и патролно обезбедување на просториите на Агенцијата;
- Трошоци за регистрација и технички преглед на моторни возила и
- Услуги за дератизација и дезинфекција.

Планираните расходи за **Други материјални услуги** за 2024 година се повисоки за околу 93% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година поради зголемените предвидени трошоци за средства за хигиена.

## 2.9 Провизија за платен промет

Средствата од оваа расходна категорија изнесуваат **100.000 денари**, а се однесуваат на провизија за платен промет и банкарска провизија за откуп на девизи.

Планираните расходи за Провизија за платен промет за 2024 година се повисоки за околу 66% во однос на планираните расходи по истиот основ во 2023 година поради зголемените трошоци од провизии.

## 2.10 Премии за осигурување

За 2024 година се планирани расходи во износ од **140.000 денари** за:

Осигурување на вработените и патничко осигурување за службени патувања на вработените во странство;

- Осигурување на деловен објект од незгоди и
- Осигурување на службени возила.

Планираните расходи за **Премии за осигуру**вање за 2024 година се на исто ниво во однос на планираните расходи по истиот основ во 2023 година.

## 2.11 Патни и дневни расходи

Планираниот износ на трошоци за службени патувања во земјата и во странство е проценет на **1.900.000 денари.** Тие трошоци опфаќаат: трошоци за сместување, исхрана и за превоз (дневници за службено патување, трошоци за ноќевања и други трошоци

поврзани со патувањето). Дневниците за службени патувања во странство се уредени со Решение за највисоките износи на дневници за службени патувања и селидби во странство, трошоци што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци (Службен весник на РМ бр. 19/14 во примена од 01.01.2015 година).

Планираните расходи за Патни и дневни расходи за 2024 година се повисоки за околу 19% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година.

### 2.12 Членарини

Се планира во текот на 2024 година Агенцијата да плати **460.000 денари** за:

- Годишна членарина во ИОПС - Меѓународна организација на пензиски супервизори;
- Годишна членарина за Организација на работодавачи на Македонија;
- Годишна членарина за ИНФЕ – Меѓународна мрежа за финансиско образование и ОЕЦД – Организација за економска соработка и развој
- Годишна членарина за Здружение за правници и
- Годишна членарина за Здружение на внатрешни ревизори.

Планираните расходи за **Членарини** во 2024 година се повисоки за околу 4% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година.

### 2.13 Интелектуални и други услуги

Планираните расходи за интелектуални и други услуги за 2024 година се во износ од **5.100.000 денари**. Се планира тие да се користат за плаќање на:

- Надомест за надворешни членови на Советот на експерт;
- Други услуги – проценител, нотар;
- Превод на текстови;
- Лекторирање на текстови;
- Надворешна ревизија;
- Обуки за стручно усовршување, семинари и конференции;
- Здравствен преглед на вработените;
- Истражување на јавно мислење;
- Надворешна контрола на ИТ системот;
- Ресертификација ИСМС-ИСО 27001
- Ресертификација на ИСО 9001 и
- Договорни услуги.

Планираните расходи за **Интелектуални и други услуги** во 2024 година се повисоки за околу 25% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година. Агенцијата планира дополнителни средства во следните ставки и тоа: обуки за стручно усовршување на вработените, потоа поради Законот за јазици е планиран зголемен обем на преведувачки материјали, во ставката надворешна контрола на ИТ системот и ресертификација за ИСО стандардот, здравствен преглед на вработените, како и ставките истажување на јавното мислење и за договорни услуги заради потикнување на развојот на капитално финансирано пензиско осигурување.

## 2.14 Останати други расходи

На ставката **Останати други расходи** за 2024 година се планирани расходи во износ од **620.000 денари** кои опфаќаат трошоци за објава на огласи и објави во весници и службен весник, огласи за јавни набавки, останати јавни давачки кои се однесуваат на јавни/државни институции и останати расходи за непредвидени работи.

Планираните расходи за **Останати други расходи** во 2024 година се повисоки за околу 32% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година поради потребата за зголемување на подставката Објава на огласи во кој се евидентираат расходите за објава за потребите на Јавни набавки на Агенцијата, како и за објава во Службен весник на РСМ за потребата на регулатива во капитално финансирано пензиско осигурување.

## 2.15 Средства за градежни објекти

На ставката **Средства за градежни работи** се предвидени трошоците за архитектонски решенија и елаборати, потоа за реконструкција и за Соларни панели - фотоволтаици. Вкупно проценетата вредност на оваа категорија трошоци изнесува **3.150.000 денари.**

Планираните расходи за **Средства за градежни објекти** во 2024 година се на исто ниво во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година, со оглед на препораката на Владата на РСМ за преземање на мерки за инвестиции во обновливи извори на енергија. Поради долгиот рок на спроведување на постапката за елаборат, како и набавка и монтажа на фотоволтаиците, и одобрение од соодветниот надзор, можно е да не се искористат планираните средства од 2023 година, а Агенцијата да отвори јавна набавка во 2024 година.

## 2.16 Средства за опрема

На ставката Средства за опрема за 2024 година се планирани расходи во износ од **18.400.000 денари**.

Во текот на 2024 година Агенцијата ќе има потреба од опрема со два нови редундантни сервера за Oracle бази на податоци и еден нов Storage систем за складирање на податоци со цел поврзување со системот на СУРС кој се однесува на Единственеиот регистар на осигуреници во земјата кој ќе ги опфати сите лица кои уплаќаат придонеси и користат одредено право од државата. Потребно е набавка на нови клими во дел од работните простории. Покрај ова потребна е набавка на дополнителна компјутерска опрема, принтери, упс-и и останата информациско техничка опрема за потребите на вработените во Агенцијата.

Планираните расходи за **Средства за опрема** во 2024 година се значително повисоки во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година.

## 2.17 Други капитални средства

На ставката **Други капитални средства** за 2024 година се планирани расходи во износ од **1.100.000 денари** за:

- Канцелариски мебел;
- Антивирусна заштита Checkpoint 4400 и
- Софтвер за организирање и полагање на испити за агент од Генерален секретаријат

Планираните расходи за софтверски лиценци изнесува 2.400.000 денари. Ова се должи за потребата за набавка на микрософт 365 годишни лиценци за поголем број на вработени. Планирана набавка на sql лиценци за интеграција со системот за СУРС и набавка на лиценци за бекап.

Трошоците за антивирусна заштита и компјутерски софтвер-нов софтвер се значајни поради тоа што Агенцијата како супервизорско тело е централен дел од поврзан информатички систем преку кој се извршуваат деловните процеси на пензискиот систем на Република Северна Македонија. Средствата за компјутерскиот софтвер-нов софтвер ќе бидат наменети за додавање на нови функционалности и промени во софтверските апликации кои се однесуваат на воспоставување на систем за управување со безбедност на информации за авторизација и неотповикливост на корисниците. Планираните дополнувања и промени се поради исполнувањето на законските обврски и постапување по консултантските препораки од надворешните ревизии. Функционалностите за авторизација и неотповикливост на корисниците

претставуваат трајно зачувување на сите акции превземени од корисниците на соодветните системи, трајно зачувување на податоците до кои корисниците имале пристап односно логирање со цел овозможување на неотповикливост на пристапот кон нив од страна на корисникот во случај на идни спорни ситуации (на пример протекување на податоци). Набавките ќе се реализираат согласно Законот за јавни набавки. Тие се сметаат за инвестициски активности со оглед на подолгиот век на траење и големината на вредноста на средствата.

Трошоците за користење на софтвер за организирање и полагање на испити за стекнување на својство на агент, согласно кој плаќањето се врши од сопствени средства на Агенцијата, како надомест предвиден за одржување и поддршка на системското решение.

Планираните расходи за **Други капитални средства** во 2024 година се пониски за околу 87% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година поради тоа што Софтверските лиценси и Компјутерскиот софтвер-нов софтвер во 2024 година се планира да се финансира од резервниот фонд на Агенцијата.

## 2.18 Вкалкулирани плати и надоместоци

На ставката **Вкалкулирани плати и надоместоци** се планирани расходи во износ од **44.000.000 денари** за бруто-плати согласно пополнети позиции во Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата, надоместоци за вработените и за останати предвидени трошоци во согласност со закон и колективен договор. Во 2024 година освен бруто-платите на вработените и членовите на Советот на експерти на Агенцијата, исто така планирани се средства за можно покачување на платите согласно препораките на Владата на Република Северна Македонија.

Планираните расходи за **Вкалкулирани плати и надоместоци** во 2024 година се повисоки за околу 10% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година.

## 2.19 Даноци и придонеси кои не зависат од резултат

На ставката Даноци и придонеси кои не зависат од резултат за 2024 година се планирани расходи во износ од **500.000 денари** кои се однесуваат на трошоци за персонален данок врз основа на исплатите за надоместоците за надворешните членови на Советот на екперти и др.

Планираните расходи за **Даноци и придонеси кои не зависат од резултат** во 2024 година се повисоки за околу 11% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2023 година согласно проекциите за надоместоци и други трошоци на кои се плаќа персонален данок на доход.

**Согласно наведените детални категории од финансискиот план се планира износ од 523.000 денари како разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи на Агенцијата во 2024 година.**

Согласно член 56-а од Законот, доколку во текот на претходната деловна година Агенцијата оствари вишок приходи над остварените трошоци, остварениот вишок на средства се распределува во резервен фонд на Агенцијата во износ определен со финансискиот план на Агенцијата.

## Прилог 1. Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – Аналитички преглед на приходи и расходи

| Р.бр. | ОПИС | ОДОБРЕНО 2023 | 2023 ГОДИНА | | | ИНДЕКС | ПЛАН 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Остварено до 12.09.2023 | Проценка од 12.09 до 31.12.2023 | Вкупно 2023 година | Проценка 2023/одобрено 2023 | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=4+5 | 7=6/3 | 8 |
| **А** | **ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ** | **85,000,000** | **60,752,592** | **45,994,709** | **106,747,301** | **126** | **98,000,000** |
| 1.1. | Месечен надомест од придонеси | 78,000,000 | 57,494,994 | 41,067,853 | 98,562,847 | 126 | 89,000,000 |
| 1.2. | Административни надоместоци | 5,500,000 | 2,710,800 | 1,936,286 | 4,647,086 | 84 | 4,500,000 |
| 1.3. | Приходи од камати | 1,500,000 | 546,798 | 2,990,570 | 3,537,368 | 236 | 4,500,000 |
| **Б** | **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ** | **84,630,000** | **43,791,515** | **32,651,309** | **76,442,824** | **90** | **97,477,000** |
| **1** | **ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ** | **810,000** | **286,289** | **204,492** | **490,781** | **61** | **810,000** |
| 1.1. | Гориво | 600,000 | 232,789 | 166,278 | 399,067 | 67 | 600,000 |
| 1.2. | Канцелариски материјали | 150,000 | 37,300 | 26,643 | 63,943 | 43 | 150,000 |
| 1.3. | Ситен инвентар | 60,000 | 16,200 | 11,571 | 27,771 | 46 | 60,000 |
| **2** | **ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | **2,400,000** | **798,413** | **570,295** | **1,368,708** | **57** | **2,400,000** |
| 2.1. | Електрична енергија | 1,500,000 | 429,494 | 306,781 | 736,275 | 49 | 1,500,000 |
| 2.2. | Вода, други комунални трошоци и парно греење | 900,000 | 368,919 | 263,514 | 632,433 | 70 | 900,000 |
| **3** | **ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА** | **30,000** | **0** | **4,000** | **4,000** | **13** | **30,000** |
| 3.1. | Инсталација и одржување на системот за пожар | 30,000 | 0 | 4,000 | 4,000 | 13 | 30,000 |
| **4** | **ДРУГИ УСЛУГИ** | **15,580,000** | **5,276,935** | **9,220,079** | **14,497,014** | **93** | **15,372,000** |
| 4.1. | Одржување на софтвер за втор и трет столб на пензискиот систем | 4,300,000 | 2,520,780 | 1,800,557 | 4,321,337 | 100 | 4,300,000 |
| 4.2. | Одржување на ИБМ хардверска опрема | 1,200,000 | 799,568 | 399,784 | 1,199,352 | 100 | 1,200,000 |
| 4.3. | Одржување на софтвер за архива | 500,000 | 350,932 | 149,068 | 500,000 | 100 | 500,000 |
| 4.4. | Одржување на софтвер за сметководство | 400,000 | 162,309 | 115,935 | 278,244 | 70 | 400,000 |
| 4.5. | Услуги за секундарна локација | 1,200,000 | 599,994 | 599,994 | 1,199,988 | 100 | 1,200,000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.6. | Поштенски пратки | 400,000 | 97,967 | 69,976 | 167,943 | 42 | 400,000 |
| 4.7. | Хигиенско одржување на простории | 300,000 | 123,816 | 0 | 123,816 | 41 | 0 |
| 4.8. | Телефонски комуникациски услуги | 600,000 | 366,620 | 183,310 | 549,930 | 92 | 600,000 |
| 4.9. | Услуги за печатење,копирање и ковертирање на писма | 300,000 | 80,550 | 57,536 | 138,086 | 46 | 300,000 |
| 410 | Надомест за паркинг простор | 80,000 | 19,920 | 14,229 | 34,149 | 43 | 72,000 |
| 4.11. | Одржување и сервисирање на возила | 250,000 | 80,679 | 57,628 | 138,307 | 55 | 250,000 |
| 4.12. | Одржување на техничка опрема | 60,000 | 22,590 | 16,136 | 38,726 | 65 | 60,000 |
| 4.13. | Поправки на деловен објект | 220,000 | 50,297 | 35,926 | 86,223 | 39 | 220,000 |
| 4.14. | Информативни активности за развој на капитално финансирано пензиско осигурување | 5,000,000 | 0 | 5,000,000 | 5,000,000 | 100 | 5,000,000 |
| 4.15. | Информативно-финансиски сервис | 700,000 | 0 | 700,000 | 700,000 | 100 | 800,000 |
| 4.16. | Одржување на веб страна | 70,000 | 913 | 20,000 | 20,913 | 30 | 70,000 |
| **5** | **ПРЕВОЗНИ -ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ** | **60,000** | **20,275** | **14,482** | **34,757** | **58** | **100,000** |
| 5.1. | Превозни-транспортни услуги | 60,000 | 20,275 | 14,482 | 34,757 | 58 | 100,000 |
| **6** | **ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА** | **800,000** | **449,936** | **350,064** | 800,000 | **100** | **1,200,000** |
| 6.1. | Репрезентација | 500,000 | 449,936 | 50,064 | 500,000 | 100 | 700,000 |
| 6.2. | Услуги за печатење на рекламен материјал | 300,000 | 0 | 300,000 | 300,000 | 100 | 500,000 |
| **7** | **НАЕМНИНИ (ЗАКУПНИНИ)** | **1,360,000** | **879,846** | **446,791** | 1,326,637 | **98** | **1,360,000** |
| 7.1. | Изнајмување на сали и амфитеатри | 30,000 | 0 | 30,000 | 30,000 | 100 | 30,000 |
| 7.2. | Закуп на интернет линија | 150,000 | 117,808 | 29,452 | 147,260 | 98 | 150,000 |
| 7.3. | Изнајмување на друга опрема | 80,000 | 29,494 | 21,067 | 50,561 | 63 | 80,000 |
| 7.4. | Наем (лизинг) на возила | 1,100,000 | 732,544 | 366,272 | 1,098,816 | 100 | 1,100,000 |
| **8** | **ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ УСЛУГИ** | **380,000** | **216,019** | **132,358** | 348,377 | **92** | **735,000** |
| 8.1. | Набавка на списанија,стручна литература,весници и слично | 50,000 | 33,471 | 16,529 | 50,000 | 100 | 50,000 |
| 8.2. | Плаќање надоместок за размена берзански податоци и благајна-материјални трошоци | 200,000 | 114,020 | 81,443 | 195,463 | 98 | 200,000 |
| 8.3. | Трошоци за набавка на средства за хигиена | 60,000 | 19,200 | 13,714 | 32,914 | 55 | 400,000 |
| 8.4. | Техничко и патролно обезбедување на просториите на Агенцијата | 35,000 | 30,528 | 4,472 | 35,000 | 100 | 35,000 |
| 8.5. | Трошоци за регистрација и технички преглед на моторни возила | 10,000 | 0 | 10,000 | 10,000 | 100 | 10,000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.6. | Други услуги- услуги за дератизација и дезинфекција | 25,000 | 18,800 | 6,200 | 25,000 | 100 | 40,000 |
| **9** | **ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ** | **60,000** | **50,266** | **25,133** | 75,399 | **126** | **100,000** |
| 9.1. | Провизија за платен промет и банкарска провизија за откуп на девизи | 60,000 | 50,266 | 25,133 | 75,399 | 126 | 100,000 |
| **10** | **ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ** | **140,000** | **1,620** | **138,380** | 140,000 | **1** | **140,000** |
| 10.1. | Осигурување на вработените и патничко осигурување за службени патувања во странство | 100,000 | 1,620 | 98,380 | 100,000 | 100 | 100,000 |
| 10.2. | Осигурување на деловен објект од незгоди | 30,000 | 0 | 30,000 | 30,000 | 100 | 30,000 |
| 10.3. | Осигурување на службени возила | 10,000 | 0 | 10,000 | 10,000 | 100 | 10,000 |
| **11** | **ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ** | **1,600,000** | **495,080** | **396,808** | 891,888 | **56** | **1,900,000** |
| 11.1. | Службен пат во земјата | 400,000 | 151,128 | 151,128 | 302,256 | 76 | 700,000 |
| 11.2. | Службен пат во странство | 1,200,000 | 343,952 | 245,680 | 589,632 | 49 | 1,200,000 |
| **12** | **ЧЛЕНАРИНИ** | **440,000** | **435,151** | **3,000** | 438,151 | **100** | **460,000** |
| 12.1. | Годишна членарина за ИОПС | 341,000 | 339,625 | 0 | 339,625 | 100 | 341,000 |
| 12.2. | Годишна членарина за ОРМ | 40,000 | 40,000 | 0 | 40,000 | 100 | 40,000 |
| 12.3. | Годишна членарина за 2019 година во ИНФЕ-ОЕЦД | 56,000 | 55,526 | 0 | 55,526 | 99 | 56,000 |
| 12.4. | Здружение на правници | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20,000 |
| 12.5. | Годишна членарина за Здружение на внатрешни ревизори | 3,000 | 0 | 3,000 | 3,000 | 100 | 3,000 |
| **13** | **ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ** | **4,060,000** | **1,756,906** | **824,413** | 2,581,319 | **64** | **5,100,000** |
| 13.1. | Надомест за надворешни членови на Советот на експерти | 900,000 | 514,778 | 257,389 | 772,167 | 86 | 1,000,000 |
| 13.2. | Други услуги-проценител, нотар | 20,000 | | 20,000 | 20,000 | 100 | 20,000 |
| 13.3. | Преведувачки услуги | 1,000,000 | 492,673 | 351,909 | 844,582 | 84 | 1,000,000 |
| 13.4. | Лекторирање на текст | 7,000 | 0 | 7,000 | 7,000 | 100 | 10,000 |
| 13.5. | Надворешна ревизија | 183,000 | 182,925 | 0 | 182,925 | 100 | 180,000 |
| 13.6. | Консултантски услуги | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13.7. | Обуки за стручно усовршување, семинари и конференции | 900,000 | 156,230 | 78,115 | 234,345 | 26 | 1,000,000 |
| 13.8. | Здравствен преглед на вработените | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13.9. | Истражување на јавно мислење | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150,000 |
| 13.10. | Ресертификација ИСМС-ИСО 27001 | 50,000 | 0 | 50,000 | 50,000 | 100 | 240,000 |
| 13.11. | Ресертификација ИСО 9001 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| 13.12. | Надворешна контрола на ИТ системот | 400,000 | 395,300 | 0 | 395,300 | 0 | 400,000 |
| 13.13. | Договорни услуги | 600,000 | 15,000 | 60,000 | 75,000 | 13 | 600,000 |
| **14** | **ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ** | **470,000** | **343,960** | **114,716** | 458,676 | **98** | **620,000** |
| 14.1. | Објава на огласи | 220,000 | 148,399 | 71,601 | 220,000 | 100 | 300,000 |
| 14.2. | Останати јавни давачки | 20,000 | 5,339 | 3,337 | 8,676 | 43 | 20,000 |
| 14.3. | Останати расходи за непредвидени работи | 230,000 | 190,222 | 39,778 | 230,000 | 100 | 300,000 |
| **15** | **СРЕДСТВА ЗА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **3,150,000** | **71,980** | **3,078,020** | 3,150,000 | **100** | **3,150,000** |
| 15.1. | Архитектонски решенија и елаборат | 150,000 | 71,980 | 78,020 | 150,000 | **100** | 150,000 |
| 15.2. | Реконструкција | 500,000 | 0 | 500,000 | 500,000 | **100** | 500,000 |
| 15.3. | Соларни панели - фотоволтаици | 2,500,000 | 0 | 2,500,000 | 2,500,000 | **100** | 2,500,000 |
| **16** | **СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА** | **4,000,000** | **3,998,585** | **0** | 3,998,585 | **100** | **18,400,000** |
| 16.1. | Компјутерска опрема | 4,000,000 | 3,998,585 | 0 | 3,998,585 | 100 | 18,000,000 |
| 16.2. | Клима уреди | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400,000 |
| **17** | **ДРУГИ КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА** | **8,840,000** | **6,289,746** | **2,100,739** | 8,390,485 | **95** | **1,100,000** |
| 17.1. | Канцелариски мебел | 200,000 | 47,650 | 23,825 | 71,475 | 36 | 200,000 |
| 17.2. | Софтверски лиценци | 1,500,000 | 1,179,010 | 0 | 1,179,010 | 79 | 0 |
| 17.3. | Антивирусна заштита | 400,000 | 0 | 400,000 | 400,000 | 100 | 400,000 |
| 17.4. | Компјутерски софтвер - нов софтвер | 6,500,000 | 4,858,650 | 1,641,350 | 6,500,000 | 100 | 0 |
| 17.5. | Учество во набавка на софтвер за организирање и полагање на испити за агенти | 240,000 | 204,436 | 35,564 | 240,000 | 100 | 500,000 |
| **18** | **ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **40,000,000** | **22,180,546** | **14,907,557** | 37,088,103 | **93** | **44,000,000** |
| 18.1. | Вкалкулирани плати | 37,000,000 | 20,358,850 | 13,996,709 | 34,355,559 | 93 | 40,000,000 |
| 18.2. | Надоместоци и останати помошти согласно со закон и колективен договор | 3,000,000 | 1,821,696 | 910,848 | 2,732,544 | 91 | 4,000,000 |
| **19** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСКИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТ** | **450,000** | **239,962** | **119,981** | 359,943 | **80** | **500,000** |
| 19.1. | Персонален данок за надоместоците за надворешните членови на Советот на експерти и др. | **450,000** | 239,962 | 119,981 | 359,943 | 80 | **500,000** |

## Прилог 2.Расходи кои се покрија од резервен фонд во 2024 година

| РАСХОДИ КОИ СЕ ПОКРИЈА ОД РЕЗЕРВЕН ФОНД ВО 2024 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | Планирани во 2024 година | реализирано до 31.12.2024 | Реализирано/Планирани |
| Нов софтвер | 9,500,000 | 0 | 0 |
| Софтверски лиценци | 2,400,000 | 0 | 0 |
| Одржување на систем за известување на членовите | 300,000 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **12,200,000** | 0 | 0 |

## Прилог 3. Планиран финансиски резултат за 2024 година

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | |
|---|---|
| ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ТЕКОВНИ ПРИХОДИ | 98,000,000 |
| ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 97,477,000 |
| **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД ТЕКОВНА ГОДИНА ПРЕД ОДДАНОЧУВАЊЕ (1-2) КОЈ СЕ ПРЕНЕСУВА ВО РЕЗЕРВЕН ФОНД** | **523,000** |

* Измена и дополнување на финансискиот план врши Собранието на Република Северна Македонија. Во текот на годината Советот на експерти на Агенцијата може да изврши пренамена на Годишниот финансиски план само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани. За извршување на пренамена потребно е да се достави образложение до Советот на експерти на Агенцијата. Пренамената може да се врши во рамките на иста ставка но не повеќе од вкупниот износ на планирани расходи во Финансискиот план на Агенцијата усвоен од Собранието на Република Северна Македонија.

Претседател на Советот на експерти,

Максуд Али